# Извештај
# од работата на СУ при СОУ “Коста Сусинов” Радовиш
# во првото полугодие
# од учебната 2021/22 година

Средношколската Унија или Ученичката заедница при СОУ “Коста Сусинов” Радовиш започна со својата работа за оваа учебна година уште од самиот почеток на годината. Избраните претставници од сите паралелки од прва, втора, трета и четврта година се состануваа редовно и активно работеа на нивните задачи за постигнување на целите предвидени со програма за работа на СУ. Во текот на првото полугодие ги реализираа следните активности:

- Избор на лица-претставници на генерацијата за прва, втора, трета и четврта година и избор на претставник за стручното образование,
- Избор на администратор (лице задолжено за објавување на податоците на веб страната на училиштето како и ажурирање на базата на податоци на ФБ групата на СУ
- Формирање на тимови за

- Хуманитарни акции;
- организирање на настани забави;
- следење на воспитно-образовната работа во училиштето

- Избор на претставници на ученичката иницијатива,
- Избор на претседател на СУ
- Разгледување и дополнување на Годишната програма на СУ
- Разгледување и дополнување на Кодексот на однесување на учениците во училиштето и училишниот двор,
- Формирање на тим од претставници за промоција на училиштето
- Решавање тековни проблеми на пр. меѓуврсничко учење, одредување соба за релаксирање кога учениците имаат слободен час,
- Аплицирање на проект “Младите можат” – финансиран и поддржан од невладината организација YOUth can
- Организирање на “Social Day” – посета на рудникот Бучим Радовиш
- Соработка со “Црвен Крст” од Радовиш – организирање на трибина на тема “Болести на зависност кај младите”
- Давање иницијатива и почеток на организација за отворање на училишни клубови
- Организирање активност за подигнување на свесноста и воспоставување на правила за пушењето